**20111302898**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 29 став (6) од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/2005, 13/2007, 165/2008, 146/2009, 18/2011 и 51/2011), министерот за финансии, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ПО БАРАЊЕТО ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение по барањето за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, во рокот утврден во членот 29 став (1) од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост

Член 2

Барањето заради недонесување на решение по барањето за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост се поднесува на образец – „Барање заради недонесување на решение по барањето за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост “, во А-4 формат на бела хартија, даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 26-29952/1
21 септември 2011 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

**ДО ПИСАРНИЦАТА НА ДИРЕКТОРОТ НА**
**УПРАВА ТА ЗА ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ**

**БАРАЊЕ**
заради недонесување на решение по барањето за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост

Од____________________________________________________________
(назив на правно лице/име и презиме на физичко лице - подносител на барањето)

_______________________________________________________________
(седиште на правно лице/адреса на физичко лице - подносител на барањето)

**Краток опис поради што се поднесува барањето:**

Молам, директорот на Управата за имотно правни работи во рокот утврден во член 29 став (7) од Законот за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост да постапи по барањето за донесување на решение за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, поднесено под број _______________ од _____________ година, до Одделението за првостепена управна постапка во ____________________, чија копија ја доставувам во прилог.

**Место и датум** **Подносител на барањето**

____________________ __________________________________